Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 63/0306
23.03 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12.03.2026 година, врз основа на примена жалба од **АД ФК БАШКИМИ 1947 КУМАНОВО**, го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Вистински проблем или „инсценирани“ инциденти!? Во момент на нова обемна истрага за Башкими со сомнеж за наместен натпревар во есенскиот дел од сезоната!?“,** објавен на интернет порталот –онлајн медиум Екипа.мк (Ekipa.mk), на 22.02.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 23.02.2026 г., упати жалба за текстот со наслов „Вистински проблем или „исценирани“ инциденти!? Во момент на нова обемна истрага за Башкими со сомнеж за наместен натпревар во есенскиот дел од сезоната!?“,  објавен на интернет порталот–онлајн медиум Екипа.мк (Ekipa.mk), на 22.02.2026 г., при што се жали на незастапена втора страна, неточно и нефер известување и на мешање на факти и мислења, вест и коментар.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Текстот не ги исполнува основните новинарски стандарди и е во спротивност со Кодексот на новинарите. Дополнително, авторот не ја контактирал засегнатата страна која се споменува во написот, со што е нарушен принципот на балансирано и објективно информирање“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој жалбата се отфрла како неоснована.

Во обемниот одговор потпишан од Редакцијата на Екипа.мк се наведуваат повеќе причини преку кои се утврдува дека изнесените наводи во текстот се вистина и дека се потврдени и од Фудбалската федерација на Македонија:

Во текстот на Екипа е точно наведено дека изворот на информации е од ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА  (ФФМ), а директен доказ, пак, за сето тоа е фактот дека само еден ден после нашиот напис, и ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА (Надлежна институција за фудбалот во Македонија која е членка на УЕФА), официјално под соопштение со наслов: „Транспарентно ги објавуваме дописите од УЕФА поврзани со сомнежи за нерегуларности“, ги потврдува информациите на ЕКИПА дека има дописи од ЕВРОПСКАТА ФУДБАЛСКА АСОЦИЈАЦИЈА (УЕФА) за истрага за сомнежи за местење

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

натпревари, и дека истите сомнежи се доставени и до сите надлежни домашни институции од извршната и од судската власт.

Што се однесува до незастапена втора страна од Екипа.мк наведуваат дека пред објавувањето на текстот упатиле барање за одговор на прашања до единствената меил адреса која ја имаат во Башкими дадена во ФФМ, при што од медиумот до СЕММ понудија како доказ и скриншот од упатениот меил со барање за одговори.

Медиумот воедно наведува дека „до Екипа.мк воопшто не добивме никаков допис од ФК Башкими за оспорување, демант или исправка на нашите серија текстови, кои се согласно официјалните информации од ФФМ и од УЕФА“ и дека „ова е првпат (Екипа.мк) да добие ваква претставка, а секогаш, без исклучок, обезбедува простор за одговор од повикани страни во било кој случај“.

Од редакцијата сметаат дека „текстот е за проблематика од исклучително значаен јавен интерес за македонскиот спорт, која во последните години е најгорливиот проблем на македонскиот фудбал за што доказ се бројните извештаи и информации од надлежните светски и европски институции – а тоа се однапред сомнително договорани натпревари заради финансиски интерес на трети лица“.

Воедно, жалбата ја сметаат „како обид за ограничување на легитимноста на јавно споделување на сите корупциски и криминални дејанија во македонскиот спорт кои директно влијаат и на најмладите генерации во Македонија кои одлучиле да се занимаваат со спорт, и создавање индиректен притисок врз медиумите да се воздржат од критичко известување за таквите корупциски случаи“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Вистински проблем или „исценирани“ инциденти!? Во момент на нова обемна истрага за Башкими со сомнеж за наместен натпревар во есенскиот дел од сезоната!?“, објавен на интернет порталот – онлајн медиум Екипа.мк (Ekipa.mk), на 22.02.2026 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето., при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст, по форма осврт, кој се однесува на актуелен прекинат фудбалски натпревар од страна на ФК Башкими. Во текстот иницидентот е земен како повод да се потсети и на други неодамнешни скандали во првата и втората фудбалска лига поврзани со овој и со други клубови и за позадината на таквите скандали – тема од широк јавен интерес.

Комисијата констатираше и дека во текстот уште од насловот се поставува прашање и се изразува сомнеж дали инцидентот во кој учествувал фудбалскиот клуб Башкими не е инсцениран за да изгледа дека позадината е на политичка основа, со цел да се прикрие истрага покрената од европската фудбалска федерација УЕФА за споменатиот и за други клубови во македонскиот фудбал поврзани со корупциски скандали.

Медиумот во текстот се повикува на извор во Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) од каде авторот дознал дека таква истрага е покрената, а новинарот притоа го искористил своето право да не го именува изворот. Притоа, постапувајќи по професионалното и етичкото правило да се потврди информацијата и од втората страна, редакцијата упатила прашања до жалителот ФК Башкими, за што Комисијата доби уверување и преку скриншот во одговорот на жалбата од страна на редакцијата.

Редоследот на настаните покажал многу брзо дека допис за таква истрага од страна на УЕФА бил упатен до сите надлежни институции, од фудбалски до истражни и правосудни органи за два клуба, меѓу кои и за клубот кој упатил жалба до СЕММ, а дека истрагата се однесува на сомневања за корупциски скандали поврзани со местење резултати на фудбалскиот терен, со цел остварување финансиска корист за поединци.

Членовите на Комисијата се согласуваат дека јавниот интерес за темата е неспорен, дека медиумите имаат право и обврска да пишуваат за теми со кои ќе се отвораат јавни дебати за можни корупциски скандали во општеството и дека, притоа, доколку се држат до основните етички и професионални стандарди, тие ја извршуваат својата одговорна улога на претставници на јавноста во општеството.

Оттука, Комисијата оцени дека Екипа.мк постапила исправно и смета дека во објавениот текст нема повреда на ниту еден од членовите на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595